РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-506/3
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6-та седница, одржана на ден 12.06.2024 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

Предметот заведен под бр. 09-5950/1 од 02.01.2024 година, против лицето -----------, вработена на работно место -Секретар на ЈОУДГ ----------„ – -------------- , СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 02.01.2024 година, поднесена е пријава против лицето ---------- со наводи дека, лицето покрај тоа што било вработено на неопределено време во ЈОУДГ --------------------, во исто време е вработено на определено време во ООУ ----------------, има исти работни задачи во двете институции, односно во Електронскиот систем за јавни набавки се јавува како контакт лице за јавни набавки за двете институции, со што ги има прекршено одредбите кои се однесуваат на судир на интереси од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, согласно член 23 став 2 од Законот за спречување и судирот на интереси, ДКСК побара податоци од ЈОУДГ „------------- и ООУ „------------------------.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во обезбедената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Лицето ----------------- е вработена на неопределено време со Договор за вработување бр. --------- од 31.03.2015 година, на работно место правник во ЈОУДГ „-----------. Согласно Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.275/19 и 14/20), Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ „---------------, број ---------- од 14.06.2019 година наведеното лице како административен службеник е распоредено на работно место Секретар со работни задачи да ги извршува работите од областа на јавните набавки. Во прилог е доставена Потврда за положен испит за лице за јавни набавки бр.------------ од 16.06.2023 година.

Во врска со нејзиниот ангажман во ООУ „-----------, врз основа на обезбедената документација е утврдено дека лицето ------------- не е вработена во ова училиште, туку е ангажирана преку Договор за вршење на интелектуална работа бр.---------- од 10.10.2023 година да извршува работи од областа на јавните набавки за сметка и во корист на ООУ „--------- во период од 10.10.2023 година до 31.12.2023 година. Договорот не е продолжен и по истекот на договорниот период, профилот на именуваната во Елекронскиот систем за јавни набавки е деактивиран и тоа лице повеќе нема пристап до електронскиот систем за јавни набавки на ООУ „------------

Со истекот на важноста на договорот, ова лице повеќе не е ангажирано, од причини што лице вработено во ООУ „-------------, го положило испитот за лице за јавни набавки согласно со Програмата за едукација за јавни набавки –Наставна програма за обука на лице за јавни набавки, за што во прилог е доставена Потврда за положен испит за лице за јавни набавки бр.---------- од 20.11.2023 година.

Согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

„Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности„.

ДКСК имајќи ја предвид наведената законска одредба која пропишува состојба на судир на интереси, врз основа на обезбедената документација и утврдената фактичка состојба по конкретниот предмет, констатира дека нема елементи што укажуваат на постоење судир на интереси, па оттука нема повреда на член 72 до 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, -----------, како вработена во ЈОУДГ „------------ е опфатена под поимот „службено лице„ но во нејзиното постапување како лице ангажирано со договор за

вршење на интелектуални услуги за одреден временски период, не се утврди дека постојат околности што влијаат или може да влијаат врз непристрасното вршење на јавните овластувања или службени должности, заради што нема елементи за понатамошно постапување.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 12.06.2024 година одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З. – раководител
Одобрил: м-р Ц.Р – член на ДКСК